# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП

- Апелационен суд Штип се залага за доследно **почитување на принципот на владеење на правото и заштитата на индивидуалните и колективните слободи и права**.
- Апелационен суд Штип се стреми да ја **подигне довербата на граѓаните во правосудните институции,** преку **обезбедување на независно, непристрасно, високо професионално, ефективно и ефикасно судство.**
- Апелационен суд Штип **остварува домашна и меѓународна соработка** со релевантни институции, во насока на создавање на **современ правосуден систем**, **хармонизиран со европската легислатива и меѓународните стандарди во рамките на меѓудржавни потпишани договори**.
- Апелационен суд Штип се стреми кон развивање и имплементација на **системски и процесен пристап во работењето**, со цел донесување на **навремени и законити одлуки** во постапките на судење.
- Апелационен суд Штип спроведува **идентификација, планирање, воведување, контрола и постојано унапредување на сите процеси** кои имаат влијание врз квалитетот на услугите.
- Апелационен суд Штип се стреми да одржува **тим од висококвалификуван и мотивиран кадар**, свесен за важноста на своите дејствија, при што се остварува **непречена, навремена и точна комуникација и дистрибуција на знаење**.
- Апелационен суд Штип го поддржува **Системот за Управување со Квалитет** во согласност со барањата на меѓународниот **стандард ISO 9001:2015.** Во врска со тоа извршува **идентификација, планирање, воведување, контрола и континуирано подобрување на сите процеси кои имаат влијание врз квалитетот на работењето.**
- Апелационен суд Штип се стреми навремено да ги **идентификува ризиците во работењето, проактивно да управува со нив заради унапредување** на услугите, процесите и Системот за управување со квалитет.
- Врвното Раководството на Апелационен суд Штип како **лидер** обезбедува **мотивираност, вклученост и посветеност кон остварување на стратешките определби и цели**.
- Врвното Раководството на Апелационен суд Штип периодично извршува **контрола на политиката, функционирањето на системот за управување со квалитет, исполнувањето и поставувањето на нови цели за квалитет**.

Штип, 19.10.2016.

ВД. Претседател

Весна Димитриевска Накова